Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 14.07.2021 година, го усвои следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Побарувањето на работникот со тужба да бара од работодавачот да изврши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување во Фондот за ПИОМ, **НЕ ЗАСТАРУВА.**

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 4 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, („Службен весник на РМ“ бр.98/2012 .....15/2013 – пречистен текст), право од пензиско и инвалидско осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон. Во член 5 став 1 од истиот закон, се определени кои се тие основни права од точка 1 до точка 6.

Правата од пензиското и инвалидското осигурување не можат да застарат, освен пристигнатите, а неисплатените износи на пензии и на други парични средства во случај утврдени со Закон согласно член 6 став 2 од истиот закон. Во членот 7 став 1 од наведениот закон, е пропишано дека средствата потребни за остварување на правото за пензиско и инвалидско осигурување ги обезбедуваат осигурениците и работодавачите преку плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување согласно со Закон.

Согласно член 13 став 1 точка 1 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр.142 од 10.11.2008 година), обврзник за пресметка и уплата на придонеси е работодавачот за своите вработени. Видовите на придонесите, меѓу кои се и придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се определени во член 5 став 1 од точка 1 до 5 од истиот Закон.

Согласно член 23 став 1 од наведениот Закон, контролата, утврдувањето наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите ги врши Управата за јавни приходи, согласно Законот за даночната постапка.

Согласно според 122 ставот 1 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“ бр.13/06.... бр.53/11), наплатата на даноците и споредните даночни давачки застарува во рок од 10 години од истекот на годината во која данокот и споредните даночни давачки пристигнале за плаќање.

Поаѓајќи од содржината на одредбите на наведените Закони, неспорно произлегува дека прашањето на застареност на побарувањето на работникот спрема работодавачот, доколку од било која причина работодавачот како обврзник за пресметка и уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување не постапил согласно член 13 став 1 и точка 1 од Законот за

придонеси од задолжително осигурување, како и доколку Управата за јавни приходи не постапила согласно член 23 став 1 од истиот Закон не е регулирано.

Со наведените закони е уредено само прашањето за застареност за наплата на даноците и споредните даночни давачки.

Од изнесеното, а раководејќи се од фактот дека плаќањето на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување претставува основ и услов за остварување на тие права согласно член 7 став 1 од Законот за пензиско и инвалидското осигурување, а тие права не застаруваат согласно член 6 став 2 од истиот Закон, не застарува и правото со тужба работникот да бара уплата на неисплатените придонеси од работодавачот.

Ова и од причина што, работникот со тужба за уплата на неисплатените придонеси од страната на работодавачот го остварува правото кое му припаѓа согласно Законот за пензиско и инвалидското осигурување, а не се работи за парично побарување.

Од наведеното, Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија наоѓа дека во постапка за остварување на правото за пресметка и уплата на неисплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, нема основ за примена на одредбите од Законот за облигационите односи, кои се однесуваат на застареност на побарување за надомест на штета, ниту пак одредбите од Законот за даночна постапка, кои го регулираат прашањето за застареност на даноците и споредните даночни давачки.

Од изложеното, Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија го усвои и го утврди ова правно мислење.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**